- Обезбедување на услови за реализација на програмите ( распоред на часови, наставни средства, литература, форми на поучување).
- Вреднување на резултатите и постигањата на учениците
- Врз основа на идентификација на надарени ученици, училиштето ќе изготви Индивидуализирани програми за надарени ученици и истите ќе ги реализираат одговорни наставници во соработка со стручните соработници во училиштето.

# ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

**Цели:**

- Вклучување на децата со ПОП во редовни услови на настава, а со тоа поуспешно функционирање комуникација, толеранција, еднаквост и можности во социјалната средина
- Флексибилна индивидуализирана поддршка на децата со ПОП од страна на учениците и наставниците
- Зголемено и активно учество во инклузивниот и образовниот процес ИОП и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби.
- Изработка на индивидуални образовни планови соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик.

**Активности за реализација на целите:**

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого или пред кого ќе се | Очекувани резултати и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Донесување на програма за работа на тимот за инклузија на деца со ПОП | Август | Дефектологот со тимот | Наставници и родители | Поуспешна работа и помош за учениците и наставниците кои имаат ученици со ПОП |
| Индивидуален разговор со родители на деца со ПОП кои ќе преминат од одделенска во предметна | Август | Дефектологот директор, педагог, психолог | За родителите и учениците | Договор со родителите за понатамошно школување на деца со ПОП, доставување на мислење од Заводот за |
| Работилница -со наставниците од 1 - 9 одделение за изработка на ИОП -(индивидуални образовни планови ) за | Септември | Дефектологот со тимот | Наставници | Обучување ,консултации и сугестии за поуспешно снаоѓање на наставниците при изработка на ИОП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница -со настав -ниците од 6 - 9 на тема карактеристики на деца со ПОП | Ноември | Дефектологот со тимот | Наставници | Обучување на наставниците за поуспешна работа со деца со ПОП . |
| Индивидуални разговори со родителите и децата со ПОП. | Во текот на првото тримесечие | Дефектологот и тимот, педагогот и наставници од 1-9 одделение | За родителите и наставниците | Договор за работата преку ИОП заради напредокот на децата со ПОП |
| Изготвување на полугодишен извештај на работата на тимот за ПОП за учебната 2023 / 2024 година | Јануари | Дефектологот со тимот | За училиштето | Известување - самоеваулација за првото полугодие за реализираните активности предвидени во програмата на тимот за работа со деца со ПОП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Состанок со наставници од 1 - 9 одделение „ Работа со ученици кои имаат пречки во говорот и слухот “ | Февруари | Дефектологот и тимот | Одделенски и предметни наставници | Насочување на наставниците за поуспешна идентификација и работа со учениците кои имаат пречки во говорот и со оштетен слух во редовната настава |
| Работилница за наставници од 1 – 9 одделение „ Работа со ученици кои имаат потешкотии во учењето ( дислексија, дисграфија ) | Април | Дефектологот со тимот | За наставниците и професионалните соработници | Насочување на наставниците за поуспешна идентификација и работа со учениците кои имаат одреденипотешкотии во учењето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на годишен извештај и акционен план за работата на тимот за ПОП за учебната 2024/ 2025 година | Мај - Јуни | Дефектологот со тимот | За училиштето | Известување - самоевaулација на крајот од годината за реализираните активности предвидени во програмата на тимот за работа со деца со ПОП . |

**Координатор – Селиме Емини**

**Членови – Љуљзиме Ислами, Шќипе Шаќири, Суеда Реџепи, Зимрије Абдулаи, Сумеја Бечири, Ферихан Локу**

## ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА УЧИЛИШТЕТО

**Цели:**

Имплементирање на еколошкото образование во воспитно - образовниот процес поодобрување на условите за престој и работа во училиштето.

Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат е

**Задачи:**

Исполнување на 7-те чекори од програмата за Еко училиште

Примена на еколошката едукација во сите предмети во одделенска и предметна настава

Изработка на еко проекти

Одбележување на значајни еколошки датуми

**Програма за еко училиште за учебна 2024/ 2025 година**

| **АКТИВНОСТ** | **ОПИС НА АКТИВНОСТА** | **НОСИТЕЛ** | **ВРЕМА НА РЕАЛИЗЦИЈА** |
|---|---|---|---|
| Формирање на Еко одбор | Формирање на Еко одбор од претставници на училиштето:наставници од предметна и одделенска настава,хаусмајстор, ученици, претставникод локалната заедница, родители, претставник од бизнис заедницатакако потенцијален донатор,медиум | Директорот на училиштето, наставничкиот колегиум | Август 2024 |
| Анализа на состојбата на животната средина | Добивање јасна слика за еколошката состојба на целото училиште и одредување на приоритети на Еко | - Вработени, ученици | Септември 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одбор | | |
| Подготовка на Програмата и правилникот за работа | Идентификување и почитување на задачите и активностите кои можат да се реализираат во животната средина и прилагодат кон нашето училиште, со цел подобрување на условите за еколошки развој | Еко одбор ученици,претставник од бизнис заедница | Август Септември 2024 |
| Усвојување на програмата | Презентација на наставнички совет и нивно усвојување | Координатор, Директорот | Септември 2024 |
| Усвојување на правилникот | Усвојување на правилникот на првиот состанок на Еко одборот | Еко одбор | Септември 2024 |
| Интегрирање на Еколошки теми во наставната програма | Реализирање на точки на акција од  еко стандардите во  редовнатанастава по сите предмети во текот на учебната година | Директор, координатор,наставници,ученици | Септември 2024 Јуни 2025 |
| Запознавање на Парламентот на учениците со програма за интеграција на еколошката едукација | Формирање на еко  секција на ученици од IV до IX одделение кои покажуваат посебно интересирање за екологијата | Директор, координатор,наставници,ученици | Септември 2024 |
| Формирање на Еко патроли | Вклучување на ученици од V до IX одделение во Еко патроли.(Секое одделение избира свои претставници и патролите се менуваат секоја седмица).<br>Запознавање на Еко патролите со задачите кои треба да ги реализираат | Ученици, координатор и одговорни наставници на еко секцијата | Септември 2024 |
| Изработка на Еко Кодекс | Да се напише Еко кодекс или Еко бонтон и да се изложи на екоогласната табла | Ученици, Еко комисија | Октомври 2024 |
| Одбележување на значајни датуми од областа на екологијата | Да се одбележат значајните датуми од од оваа област кои се<br>календарски застапени во периодот од септември до јуни, а посебно<br>**16. септември** - светски ден за заштита на озонската обвивка<br>**22. септември** - европски ден без автомобили | Наставниците прекуредовната настава,Еко секцијата, сите вработени, родители, медиуми,  локална | Во текот на целата учебна година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **26. септември** - светски ден за чисти планини<br>**04. октомври** - светски ден за заштита на животните<br>**22. март** - светски ден за заштита на водата<br>**22. април** - Ден на планетата Земја<br>**15. мај** - Интернационален ден на акција за клима<br>**05. јуни** - светски ден за заштита на животната средина<br>Да се обезбедат пригодни презентации, предавања, изложби..... | самоуправа.... | |
| Посебни активности посветени на екологијата | Одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето<br>Уреден и еколошки двор во училиштето<br>Заштеда на вода, Заштеда на енергија | Ученици, Еко одбор, Еколошката секција,донатори, локална самоуправа, медиуми | Во текот на целата учебна |
| Одредување на Еко катче и поставување на Еко-огласна табла | Видно место во училишното фоаје каде посетителите може да ги видат активностите на еко училиштето | Директор, координатор | Октомври 2024 |
| Да се спознае што е енергија, користење на енергијата и нејзиното влијание на квалитетот во секојдневниот живот | Едукација на учениците за енергијата низ интеграција на наставнитесодржини во редовната настава и вон-наставните активности | Ученици, наставници, координатор | Декември 2024<br>Јануари 2025 |
| Да се спознае важноста на здравата питка вода за сите живи суштества, важноста од чување на изворите на вода | Едукација на учениците низ интеграција на наставните содржини,и запознавање на важноста на кружење на водата, нејзините својства, начинот на нејзино загадување и заштита | Ученици, наставници, координатор | Март – 2025 |
| Ликовно творештво на тема: Слушам, гледам и сликам вода | Креативно изразување со различни сликарски техники | Ученици, вработени, родители..... | Март – 2025 |
| Контрола на еко-патролата | Рационално користење на водата за потребите во | Ученици, | Во текот на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | просториите научилиштето,<br>Наменско користење на водата за хигиената во училиштето | вработени | целата година |
| Поставување на потребен број корпи за отпадоци во училниците и ходниците. Поставување на посебни кутии за стара хартија и пластика | Согледување и анализа на еко патролите за потребниот број корпишто недостасуваат во училниците и ходниците и нивно поставување. Собирање на стара хартија и пластика за нејзино рециклирање | Ученици, вработени, родители..... | Во текот на целата година |
| Акција за собирање и селектирање на различен отпаден материјал | Усвојување на основни знаења за рециклирање на производите<br>Поттикнување на учениците, наставниците и родителите засобирање и класифицирање на производите на посебно<br>означените места | Ученици, наставници, останатиот персонал | Во текот на целата година |
| Уредување на училницата | Насочување на учениците за грижа на својата училница и<br>поттикнување на Еко свест кај нив со поставување на цвеќе,<br>одржување на чистотата..... | Ученици, Одделенски раководители | Во текот на целата година |
| Контрола на еко-патролата | Оценување за чистотата на училниците, и добивање место на зелениот дел на Еко-огласната табла после анализите на крајот на секој месец | Координатор, Директор | На крајот на секој месец во учебната год. |
| Активности во училишниот двор и околината | Садење, вадење, поткопување, уредување на растенија и дрва во кругот на училиштето | Еко секција, Еко одбор, вработени, донатори | Во текот на годината |
| Настава во природа и излети | Кај учениците да се развие правилен однос кон природата;<br>Собирање материјали, фотографии..... | Наставници | Според наставниот план |
| Промовирање на нашите активности на вебстраната на училиштето | Промовирање на сите активности од Еко училиштето на нашата веб страна<br>Постојано ажурирање со нови информации слики и | Одговорен наставник за дизајн | Во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | активности | на страната, и УТТП | |
| Евалуација на напредокот | Собирање информации за напредокот на активностите во училиштетои добивање на резултати, а со тоа и можност за потребниприлагодувања на програмата за наредната година | Ученици, Еко одбор | Во текот на целата година |

**Одговорни наставници: Халим Јашари, Фуада Адили, Вјолца Реџепи, Фатон Цури, Суеда Реџеои, Рефик Брути, Рамиз Дема, технички персонал**

## 8. ОЦЕНУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ

**Тим за анализа, следење и поддршка**

**Цели:** професионално усовршување на наставниците;

унапредување на оценувањето;

објективно и континуирано оценување;

поквалитетни и повисоки постигања на учениците;

***Активности за реализација на целите***

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого или пред кого ќе се реализира | Цели и ефекти кои ќе се постигнат |
|---|---|---|---|---|
| Донесување на програма за работа за следење и вреднување на напредокот на учениците и наставниците | Август, 2024 | Тимот за следење и вреднување | За училиштето и наставниците | Примена на низа активности од страна на наставниците за подобрување на напредокот на учениците |
| Посета на часови кајнаставници од 1 до 9 одделение | Континуирано во текот на годината | Директор, психолог, педагог и дефектологот | За наставниците | Преку посетеноста на часовите да се укаже на наставниците на позитивните страни кои се забележани во текот на часот како и на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | пропустите. Давање насоки за преземање мерки за отстранување на пропустите со цел подобрување на наставата |
| Одржување на презентации за изработка на прашања според Блумова таксономија на новите наставници | Октомври 2024 | Наставници обучувачи и наставници од 1-9 одделение | За наставниците од 1-9 одделение | Запознавање на наставниците со прашања од повеќечлен избор според Блумова таксономија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одржување на работилница за изработка на тест прашања со повеќечлен избор | Ноември 2024 | Наставници обучувачи и наставници од 1-9 одделение | За наставниците од 1-9 одделение | Да се научат наставниците да изготвуваат правилно прашања со повеќечлен избор . |
| Презентирање на годишниот успех на учениците за учебната 2022/2023 година по пол и етничка припадност од 4 - 9 одделение | Декември 2024 | Тимот за следење и вреднување на резултатите по пол и етничка припадност | За наставниците од 1-9 одделение | Да се констатира успехот на учениците од 4 - 9 одделение по пол и етничка припадност на крајот од годината за учебната 2022/2023 година. Преземање мерки за подобрување каде што е потребно |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците од 4 - 9 одделение, по пол и етничка припадност за учебната 2023 /2024 година | Јануари - Февруари 2025 | Тимот за следење и вреднување на резултатите по пол и етничка припадност | За наставниците од 1-9 одделение | Констатирање на состојбата преку анализа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Презентирање на полугодишниот успех на учениците за учебната 2023/2024 година по пол и етничка припадност од 4 – 9 одделение | Март 2025 | Тимот за следење и вреднување на резултатите по пол и етничка припадност | За наставниците од 1-9 одделение | Да се констатира полугодишниот успех на учениците од 4 – 9 одделение по пол и етничка припадност за учебната 2023/2024 година. Преземање мерки за подобрување каде што е потребно |
| Изготвување на Полугодишен и Годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата | Јануари Јуни 2025 | Тимот за следење и вреднување | За училиштето и наставниците | Да се направи самоеваулација |

**Директор, Училишен одбор и сите тимови**

## 9. ВОННАСТАВНИ ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ

Преку слободните активности на учениците се формираат претпоставки за индивидуализација во воспитно-образовниот процес, за задоволување и развивање на индивидуалните интереси и способности на учениците, за заедничка работа на учениците, што придонесува за развој на меѓусебната доверба, дружење во слободно време итн. . На овој начин се создаваат можности за учениците со интереси за различни области, без да се размислува за успех во учењето, да ги изразат своите постигања. При изборот на вонnаставните активности од примарна важност е личниот интерес на ученикот.

### *а*). Слободни активности на учениците од I-V одд.

Во I, II, III, IV и V Одд. секој наставник ќе формира оддел во рамките на своето одделение. Секој одделенски раководител ќе состави Програма за работа за слободни активности. Сознанијата добиени од работата на секциите ќе бидат презентирани во демонстрации кои ќе ги организира училиштето во рамките на паралелката и училиштето.

### *b).* Слободни активности на учениците од VI-IX одд.

Почитувајќи ги психофизичките можности на учениците, за исполнување на нивните посебни интереси и афинитети, училиштето ќе формира секции за слободни активности, кои ќе ги анкетира на почетокот на учебната година. Така ќе се поделат членовите на секциите, ќе се избере претседателство и ќе се состави програмата за работа. Секој ученик активно ќе учествува во барем една од слободните активности.

**РАСПОРЕД НА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ – НЕДЕЛНО, МЕСЕЧНО**

| **Ред.бр.** | **Секции** | Наставник | **неделно** | **месечно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Литература | Емине Рамука, Вјолца Небиу | 1 | 4 |
| 2. | Љубители на англискиот јазик | Јетон Рашити , Шерифе Сали, Ана Марковска | 1 | 4 |
| 4. | Млади географи | Еуген Муча, Блерта Лимани | 1 | 4 |
| 5. | Млади историчари | Митат Шаќири, Елмјеса Амети Азиз | 1 | 4 |
| 6. | Млади математичари | Севгил Чилафи, Фатмире Меча, Медина Латифи | 1 | 4 |
| 7. | Млади хемичари | Фатон Цури | 1 | 4 |
| 8. | Млади физичари | Фатмире Меча, Сумеја Беќири | 1 | 4 |
| 9. | Млади биолизи | Халим Јашари | 1 | 4 |
| 10. | ЕКОЛОЗИ | Халим Јашари , Фатон Цури, Сумеја Беќири | 1 | 4 |

| **Ред,бр** | **Секции** | **Наставник** |
|---|---|---|
| **1.** | Драмска | Емине Исени |
| **2.** | Рецитаторска | Нертила П. Вејсели |
| **3.** | Млади јазичари | Емине Рамука, Елена Стојменовска |
| **4.** | Истражувачко – новинарска секција | Актив на јазичари |
| **5.** | Фотографска секција | Актив на јазичари |
| **6.** | Хор и оркестар | Ветон Цури и Нехат Цури |
| **7.** | Ликовна | Орхан Емровски |
| **8.** | Ритмичко и балетска | Ханифе Зенуни, Зекије Мецити, Фуада Адили, Драндофиле Руди, Нехат Цури, Ветон Цури, Енес Ариф |
| **9.** | Сообраќајна секција | Исуф Јусуфи, Факете Фетаи |
| **10.** | Мал фудбал | Сабри Рамадани, Енес Ариф, Ваљон Рогачи, Абедин Жарку |
| **11.** | Кошарка | Сабри Рамадани, Дјелза Хамити, Енес Ариф |

## УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Воспитно - образовната работа со учениците се организира во текот на целата година. Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното анализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува спред афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него.

Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството.

Во текот на учебната година 2024/2025 година ќе бидат организирани натпревари меѓу училиштата на ниво на општината. Натпреварите ќе бидат од областа на природните и општествените науки, спортот, ПЦК, ППЗ...

**Цел:** Навремено планирање и одржување на училишни натпревари поради селекција на ученици кои ќе се пласираат на повисоко ниво.

**Задачи:**

Изготвување и истакнување на планот за училишните натпревари

Подготвување на учениците за претстојниот натпревар

Известување на учениците за училишните натпревари

**План за натпревари:**

| Планирана активност | Време | Реализатор | За кого и пред кого ќе се реализира | Ресурси | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на реализација на училишни натпревари | Септември | Одговорни наставници | Предметни, одделенски наставници и ученици | Изготвување план и распоред по наставни предмети | Успешна реализација на училишните натпревари |
| Истакнување на Планот на огласна табла | Октомври | Одговорни наставници | Предметни, одделенски наставници и ученици | План и распоред по наставни предмети | Транспарентност и навременост во информирањето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дополнителни менторски активности за подготовка на учениците | Октомври | Предметни и одделенски наставници | Предметни, одделенски наставници и ученици | Дополнителни материјали од наставниот предмет | Продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на пошироки сознанија |
| Разгледување на правилникот за натпревари донесен од страна на општината | Ноември | Одговорни наставници и ученици | Предметни, одделенски наставници и ученици | Изготвување на план за работа | Продлабочување на правилата за непречено спроведување на натпреварите |
| Непосредно информирање за одржување на натпреварите | Ноември, Декември 2 недели пред натпреварот | Стручна служба | Ученици по наставниот предмет англиски јазик | Усно и писмено соопштение | Навремено информирање и транспарентност со цел поброjно учество |
| Спроведување на училишните натпревари | Ноември Декември | Комисија од предметни наставници | Ученици по наставниот предметот англиски јазик | Стандардизирани тестови | Истакнување на најталентираните ученици |
| Истакнување на резултати | Ноември, Декември (најдоцна една седмица по одржаниот натпревар) | Стручна служба | Предметни и одделенски наставници и ученици | Ранг листи истакнати на огласна табла, изготвен записник од одржаниот натпревар | Транспарентност и навременост во соопштувањето на резултатите |
| Организирање на меѓучилишни натпревари | Декември, Јануари | Комисија од предметни наставници | Предметни наставници и ученици | Тетратка за соопштение, | Организирање и навремено информирање на учениците за претстојниот натпревар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Спроведување на меѓучилишни натпревари | Февруари | Одговорни наставници | Ученици по наставните предмети математика, физика, хемија | тестови изработени од стручните активи | Избор на најталентираните ученици кои ќе одат на натпревари од повисок ранг |
| Разгледување и истакнување на резултатите од натпреварите | Март | Одговорни наставници | Одговорни наставници | Ранг листи истакнати на огласна табла, изготвен записник од одржаниот натпревар | Истакнување на најталентираните ученици |
| Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (градски,оп-штински и државни натпревари) | Во текот на второто полугодие | Предметни и одделенски наставници и ученици | Предметни и одделенски наставници и ученици | Папка по секој предмет во која се бележат активностите, материјалите и подготвителните вежби | Редовност во извршувањето на подготовките за подобра подготвеност на учесниците на престојните натпревари |
| Спроведувања на натпревари од повисок ранг (градски,оп-штински и државни натпревари) | Март и април | Организатор на натпреварот, предметни и одделенски наставници и пласирани ученици | Предметни и одделенски наставници и пласирани ученици | Тестови со задачи на повисоко ниво на знаење | Учество и афирмација на учениците учесници |
| Собирање на резултати од одржаните натпревари | Мај | Одговорни наставни наставници | Предметни наставници и Стручна служба | Ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на резултатите од одржаните натпревари | Јуни | Одговорни наставници | Предметни наставниции Стручна служба | Ранг листи и извештај од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и рангирањето на учениците |
| Презентирање на извештајот од одржаните натпревари | Јуни | Одговорни наставници | Предметни, одделенски наставници и Стручна служба | Изготвен извештај од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и рангирањето на учениците и истакнување на огласна табла на победниците |

**Одговорни наставници: Фатон Цури, Халим Јашари, Живка Лакташ, Исуф Јусуфи, Сабри Рамадани, Енес Ариф, Ваљон Рогачи, Дјелза Хамити, Медина Латифи, Сумеја Беќири, Јетон Рашити**

**ПРОПОЗИЦИИ:**

Ученикот има право да се пријави т.е да учествува најмногу на два училишни натпревари, односно само на два наставни предмета.

Доколку ист ученик освои прво место на двата натпревари, одбира само еден Општински натпревар.

На Општински натпревар може да учествува и второрангираниот доколку првиот се откаже од оправдани причини.

Ученикот редовно да ги посетува подготвителните часови од страна на наставникот ментор.

Ученикот редовно да ги извршува задачите поставени од менторот.

Ученикот и менторот да се залагаат за што поголема соработка и подготовка на претстојните натпревари.

Менторот времено да доставува материјали од кои ќе се црпат дополнителни знаења во соодветната дисциплина.

**НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ:**

Навремено истакнат План на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.

Две недели пред одржувањето на натпреварот по предвидениот предмет следува соопштение со тетратка за навремена и точна информираност на учениците.

Резултатите од спроведениот натпревар да се истакнат на огласна табла најдоцна една седмица по одржаниот натпревар.

Усна информација за резултатите пред сите учесници во натпреварот.

Ранг листата да се предаде на одговорниот наставник.
Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар.

**СПРОВЕДУВАЊЕ:**
Да се изготви список на ученици учесници на натпреварот.
Да се избере Комисија од соодветни предметни наставници.
Комисијата да изготви тест за спроведување на училишниот натпревар.
Тестот да биде стандардизиран со задачи на повисоко ниво на знаење.
Да се договори време, место и начин на реализација на училишниот натпревар.
Две недели пред предвидениот натпревар да има усно и писмено соопштение.
Почитување на предвидената временска рамка од планот.
Спроведување на натпреварот во беспрекорно тивка атмосфера со однапред утврдена временска рамка.
Присуство на Комисијата на самиот натпревар.

**АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ:**
Наставникот - ментор редовно на додатна настава го подготвува ученикот.
Наставникот - ментор да биде редовно на располагање за појаснување на нејаснотии кај учениците кои се подготвуваат.
Се формира тим од одговорни наставници чија обврска ќе биде да ја контролираат редовноста во извршувањето на обврските во насока на подготовките за претстојните натпревари.
Се отвара папка по секој наставен предмет во која се забележуваат активностите, присуството, тетратката и материјалите со кои се реализираат подготвителните вежби.
Папката е достапна за Стручната служба и Директорот доколку сакаат да ја разгледаат.
Во подготовките да се вклучи и материјал кои се изучува во Прва година средно училиште.
Навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг.

# ОПШТЕСТВЕНО КОРИСНА И ХУМАНИТАРНА РАБОТА

**Цели:**

- Создавање пријатна атмосфера во училиштето,училницата и училишниот двор.
- Создавање кај учениците навика за грижа, хигиена, уредување и чување на училишниот простор и неговата околина.
- Негување кај учениците позитивен однос кон работата.
- Развивање хуманост и друг позитивен однос кон другарчињата од своето училиште и надвор од него.
- Грижа и нега за цвеќињата и дрвјата - чиста и здрава средина.

**Активности за реализација на це**

| **планирана програмска активност** | **време на реализација** | **Реализатор** | **За кого или пред кого ќе се реализира** | **Очекувани цели и остварени ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Уредување на училниците и училиштето по повод првиот училишен ден - прием на првачиња | Август-Септември | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | пред ученици, родители и други гости | Пријатна атмосфера и позитивни чувства на првиот училишен ден, за новите најмлади ученици |
| Еднодневна екскурзија - есенски излет - собирање на сезонски растенија и изработка на сликовница | октомври | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | пред ученици, родители | Запознавање со убавините на РС Македонија и со нејзините богатсва - сезонски растенија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одгледување и грижа за цвеќињата (сместување на саксиските цвеќиња во холот на училиштето) | октомври | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | ученици,родители и наставници | Создавање навики за нега, грижа и љубов кон цвеќињата, заштита од замрзнување (ниски температури) |
| Садење садници и уредување на училишниот простор по повод Денот на дрвото | ноември | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | ученици, родители, наставници и други гости | Организирана работа и чиста околина |
| Уредување на училиштето и училишниот простор по повод Патрониот празник на училиштето | ноември | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | пред ученици, родители, наставници и други гости | Позитивна атмосфера и пријатни чувства за Патрониот празник на училиштето |
| Собирна акција на стара хартија и пластика | Во текот на цела учебна година | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | за одделенските раководители, ученици, родители | Љубов и позитивен однос кон работата, заштита на животната средина - рециклирање на отпад (пластика и хартија) |
| Украсување на училиштето по повод Нова година | декември | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | пред ученици, родители, наставници и други гости | Пријатен амбиент по повод Новогодишните празници |
| Собирна акција под мото ,,**За моето другарче**,, - облека и училишен прибор во соработка со подмладокот на ПЦК | февруари | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | за ученици | Љубов, хуманост и позитивен однос кон другарчињата |
| Средување и уредување на училишниот двор - садење на цвеќиња и дрвца по повод Денот на пролетта и Денот на екологијата | март | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | ученици и наставници | Развивање навики за работа со алат и љубов кон Екологијата - чиста и здрава животна средина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Априлијада | 1 Април | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | пред ученици, родители, наставници и други гости | Пријатен амбиент, развивање навики за повторна употреба на користен материјал |
| еднодневна екскурзија - (пролетна) собирна акција на сезонски растенија (настава во природа) | мај | одговорни наставници, ученици и Еко патроли | пред ученици, родители, наставници | Запознавање со сезонски растенија и љубов кон одгледување на растенија |

**Координатор- Линдита Селими**

**Членови: Рамиз Дема, Метуш Мемеди , Драндофилр Руди, Назиктере Амити, Халим Јашари, Вјолца Реџепи**

## 10. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## План програма   ПЦК

| **Содржина  на активности** | **Време на реализација** | **Носители** |
|---|---|---|
| Избор на раководството на организации на ниво на училиште | Септември | Одговорни наставници |
| Собирање на членарина од подмладокот  на ПЦК | Септември | Одговорни наставници |
| Снабдување на материјално необезбедени ученици со училишен прибор - ташни | Септември | Одговорен наставник на ПЦК |
| Учество во акција "Недела на борба против ТБЦ„ | (14 -21 Септември) | Одговорни наставници |
| Уредување на  учелишниот двор | Октомври | Одговорни наставници |
| Грижа за чистота и уредност на учениците | Октомври | Одговорни наставници |
| Натпревар за најчиста и најуредна училница | Октомври | Одговорни наставници |
| Собирни акции на цтара хартија, облека  и стакло | Октомври | Одговорни наставници |
| Помагање на ученицитее кои имаат потреба од облека | Ноември | Одговорен наставник |
| Запознавање со кардиоваскуларни болести (инфаркт и мозочен удар) | Ноември | Одговорен наставник на ПЦК |
| Посета на Даре Џамбаз | Ноември | Одговорен наставник на  ПЦК |
| Предавање прњд учениците за:<br>Пушењето и здравјето; Дрогата и нејзините последици | Ноември | Одговорни наставници |
| Украсување на училиштето во Новогодишен амбиент | Декември | Oddgovoren наставник |
| Грижа за чисти и уредни училници | Декември | Одговорни наставници |
| Посета на старечки дом со пригодна програма и подароци | Декември | Одговорни наставници |
| Предавање за настинка | Декември | Одговорни наставници |
| Заштита  од заразни заболувања - предавања | Јануари | Наставник по Биологија |
| Хигиената  во ходниците, дворот и ВЦ | Февруари | Одговорни наставници на ПЦК |
| Недела на борба против срцеви болести | Февруари | Одговорни наставници на ПЦК |
| Хигиена  на уста и забите - предавање | Февруари | Одд. раководители |
| Здрави заби- ведра и убава насмевка- предавање | Февруари | Одд. раководители<br>Стоматолог |

| | | |
|---|---|---|
| Разговори со стручно лице- лекар (за борба против ракот (1-7 Март) и друг вид заболувања) | Март | Лекар<br>Одговорни наставници на ПЦК |
| Заштита од паразити, вошки, глисти, гуша, крлежи и други | Март | Лекар Одговорни наставници на ПЦК |
| 17-ти Март – меѓународен ден на Црвениот Крст | Март | Одговорни наставници на ПЦК<br>Одд. раководители |
| Обележување на 7 Април - Меќународен ден на здравјето | Април | Одговорни наставници на ПЦК |
| Акција-чистење на училишниот двор | Април | Одговорни наставници на ПЦК |
| Предавања за помош на стари и изнемоштени лица | Април | Одд. Наставник<br>Одговорни наставници na на ПЦК |
| Обележување на 8 Мај- Светски ден на Црвениот Крст | Мај | Одговорни наставници на ПЦК |
| Разговор за сложените чувства-хуманост, солидарност толеранција | Мај | Одговорни наставници на ПЦК и професионалните соработници |
| Разговори со стручни лица - лекар за заштита од епидемиолошки заболувања | Мај | Медицински центар<br>Одговорни наставници на ПЦК |
| Акција за собирање на искористени учебници и училишен прибор | Јуни | Одговорни наставници на ПЦК |
| Извештај за работата на ПЦК | Јуни | Одговорни наставници на ПЦК |

**Одговорни наставници: Дјелза Хамити, Мерале Тахири, Медина Латифи, Блерта Лимани, Енес Ариф**

## Детска организација

**Цели:** Развивање на чувсто за припадност и дружење кај учениците, подигање на културна свест и развивање на натпреварувачки дух, воспоставување на раководство на Детска организација, организирање на предавања, учество на квизотека.

## Активности за реализација на целите

| Планирана активност | Реализатор | Време на реализација | Методи и постапки за реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Избор на раководство на Детска организација | Одговорни наставници и ученици Фуада Адили | Септември | Ученици | Правилен избор на членови на предлог на учениците |
| Прием на првачиња во ДО | Одговорни наставници и ученици Лулјета С. Кики, Фуада Адили, Зекије Меџити | Септември | Ученици и наставници | Развивање на чувството на припадност, дружење |
| Правата на децата - Предавање | Одговорни наставници и ученици Назиктере Амити, Драндофиле Руди, Нертила П. Вејсели | Октомври | Конвенција за правата на децата | Подигнување на свеста за правата на децата |
| Активности во самото училиште околу следење на успехот на учениците во изминатиот период. | Одговорни наставници и ученици Мајлинда Цури, Арта С. Актеши, Ханифе Зенуни | Ноември | Ученици и активности | Навика за постигнување на успешни активности при реализирање на наставата. |
| Ученичка квизотека | Одговорни наставници и ученици Арјета Чајлани, Арта С. Актеши, Нертила П. Вејсели | Декември-мај | Ученици | Дружење и развивање на натпреварувачкиот дух |
| Организирање на новогодишни приредби за учениците | Одговорни наставници и ученици Арјета Чајлани, Фуада Адили, Назиктере Амити | Декември | Ученици | Дружење и навика за постигнување на заедничка соработка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање акции за уредување на училишните простории | Одговорни наставници и ученици<br>Арјета Чајлани, Шерифе Сали, Шкендије Имери | Февруар | Ученици и наставници | Навика за одржување и уредување на училишните простории |
| Одбележување на меѓународниот ден на жената  8Март | Одговорни наставници и ученици<br>Назиктере Амити, Лулјета Алиу<br>Арјета Чајлани,<br>Драндофиле Руди | Март | Ученици и наставници | Дружење и изразување благодарност на мајките по повод празникот |
| Одбележување на шегата 1-ви април и учество на манифестацијата "Априлиада" | Одговорни наставници и ученици<br>Назиктере Амити, Лулјета Алиу<br>Арјета Чајлани,<br>Драндофиле Руди | Април | Ученици и наставници | Дружење и изработкана разновидни маски |
| Учество на конкурсот на детско поетско творештво | Одговорни наставници и ученици<br>Назиктере Амити, Лулјета Алиу,<br>Нертила П. Вејсели | Мај | Ученици | Искажување на детските чуства изразени во пишување на состави |
| Одбележување на Меѓународниот ден на заштита и унапредување на животната средина | Одговорни наставници и ученици<br>Лулјета С. Кики,  Фуада Адили,<br>Зекије Меџити | Јуни | Ученици и наставници | Поттикнување на свеста за одржување на чиста околоина |

**Одговорен наставник: Арјета Чајлани**

## Ученички Парламент

**Цели:** Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за работа и учење, градење и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето. Организацоната поставеност почнува од заедницата на учениците во паралелката, па до училишниот Парламент.

**Активности за реализација на целите**

| Планирана активност | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Изработка и усвојување на годишната програма за работа | Одговорни наставници | септември | Брошура | Донесување на Програма за работа |
| Конституирање и избор на работни тела | Одговорни наставници | септември | Годишна програма | Проширување на знаењата, развој на демократските принципи |
| Известување за претстојната екскурзија | Одговорни наставници | октомври | Брошура | Развој на другарството, социјализација, како и меѓусебна соработка на учениците, посета на предвидените природни, културни и историски локалитети |
| Полугодишен извештај за работата на училишниот Парламент | Раководство | февруари | Извештаи | Поттикнување на креативно размислување |
| Организирање и спроведување на Денот на шегата | Одговорни наставници | април | Изготвени анкети | Поттикнување на креативно размислување |
| Известување за полуматурската забава | Комисија за организација | мај | Годишна програма | Одговорно и успешно организирање на полуматурската прослава |
| Годишен извештај за работата на Училишниот Парламент | Раководство | мај, јуни | Извештаи | Поттикнување на креативно размислување, давање насоки за понатамошно образование |

**Координатор- Емине Рамука**

**Членови – Суеда Реџепи, Зимрије Абдулаи, Селиме Емини, Гзиме Ф. Бислими, Сумеја Беќири, Фатмире Меча**

## 11. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ 2024/2025

**ЦЕЛИ:**

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.
- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка за време на елементарна незгода.
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.

**Активности за реализација на целите**

| Планирана програмска активност | Цел на активноста | Реализатор | Време на реализа - ција | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим за планирање | Септември | Успешна реализација на програмата и размена на искуства |
| Тестирање, на знак ѕвоно потсетување на учениците и вработените за опасност | Оспособување на учениците за препознавање на знаците за опасност | Тим за планирање | Октомври | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарни непогоди |
| Предавање -превентивни активности од природни непогоди за ученици | Едукација на учениците за снаоѓање во вонредна ситуација. | Тим за планирање и ученици | Ноември | Навремено и правилно постапување во случај на елементарни непогоди |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош – одделенска-предметна настава | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација | Тим за планирање,тим за прва медицинска помош | Декември | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вежбовна активност на тимот за заштита од пожари – одделенска и предметна настава | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација | Тим за планирање за заштита од пожари, и ученици | Февруари | Правилна и брза реакција на тимот за заштита од пожари |
| Вежбовна активност и евакуација – одделенска и предметна настава | Оспособување на тимот,вработените иучениците за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | Март, Април | Навремено напуштање на училишната зградача |
| Евалуација на спроведените активности | Согледување на позитивните и негативните страни на реализираните активности | Тим за планирање и вработени, Учил. Парламент, Тим на ПЦК, Еко патроли итн. | Мај, Јуни | Отстранување на аномалиите и недосдтатоците |

**Координатор - Рефик Брути, Енвер Каштањева**
**Членови - Рамиз Дема, Еуген Муча, Исуф Јусуфи**

## 12. ПРОФЕСИОНАЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**Цели:** Професионално насочување на учениците во понатамошното школување.

**Активности за остварување на целите**

| Планирани програмски активности | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| Запознавање со програмата за професионално насочување на учениците | Септември | Тим за професионално насочување на учениците | Фронтална работа, групна дискусија и презентација | Запознавање на учениците со Програмата за професионално насочување на учениците |
| Работилница на одделенски час Тема: „Што сакам да бидам кога ќе пораснам“ | Ноември | Тим за професионално насочување на учениците | Фронтална работа, усно изразување | Запознавање со видовите професии и изјаснување за желбите и интересите на учениците во понатамошната професионална ориентација |
| Работилница на одделенски час - (животни вештини) | Декември | Тим за професионално насочување на учениците | Усно изразување, практична работа | Изнесување на ставови и размислувања за видови професии, практична работа за професии во животот |
| Интеграција со Запознавање на околината и Општество | во согласност со програмата за Запознавање на околината и Општество | Тим за професионално насочување на учениците | фронтална, усно изразување, практична работа | Проширување на знаењата за професиите во животот, осознавање за различните видови професии, фирми и претпријатија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Писмено изразување на тема: „Кога ќе пораснам, ќе бидам..“ | април | Тим за професионално насочување на учениците | писмено изразување | Учениците да се изјаснуваат за желбите и потребите во понатамошната професионална ориентација |
| Анкетирање на ученици од 9 -то одделение | Март | Психологот , класни раководители на 9 -то одд. | Фронтална | Помош на ученици на кои им е потребна во зависност од дадените одговоири во анкетата . |
| Посета со ученици во средни учеилишта , Гимназија - Колеџ ,Отворени денови и сл. | Во второ полугодие | Психологот, класни раководители | заедничка работа | Запознавање на учениците со условите за работа и други информации кои се важни за училиштето . |
